Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 јули 2023 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/23, 42/23, 110/23 и 138/23) во членот 2 став (2) подмерката 1.2. се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за употреба на сертифициран семенски материјал за пченица, јач- мен, пченка, сон- чоглед и маслодај- на репка, како и за употреба на сер- тифициран или несертифициран семенски матери- јал за ориз | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производната 2022/2023 година имаат засеани со сертифи- циран семенски материјал и ожнеани површини со пченица, јачмен, пченка, сончоглед, маслодајна репка и ориз,<br>- Висината на дополнителните директни плаќања за пченица, јачмен и пченка изнесува 7.000 денари по хектар, со употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар, со исклучок на производство- то за био маса наменето за гасни биоцентрали за кои не се исплаќа поддршка, - Висината на дополнителните директни плаќања за сончоглед и маслодајна репка изнесува 4.500 дена- ри по хектар, со употреба на сертифициран семен- ски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хек- тар,<br>- Висината на дополнителните директни плаќања за ориз изнесува 12.000 дена- ри по хектар, со употреба на несертифициран семен- ски материјал и 19.000 денари по хектар со употре- ба на сертифициран се- менски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар,<br>- Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба и<br>- Висината на поддршката од алинеите 2, 3 и 4 од оваа подмерка се намалува со зголемување на прија- вените површини и тоа: од 0,5 ха до 50 ха 100%, од 50 ха до 100 ха 60% и над 100 ха 30% збирно за сите кул- тури. |

Подмерката 1.3. се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за остварено производство на пченица, јачмен, сончоглед, маслодајна репка и афион | - Корисници на оваа под- мерка се земјоделски сто- панства кои се корисници на подмерка 1.1. од оваа уредба, кои имаат засеани и ожнеани површини со сон- чоглед, маслодајна репка и афион и оствареното произ- водство го имаат продадено во преработувачки капаци- тети, вклучително и за пот- ребите на сопствениот пре- работувачки капацитет, а се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи,<br>- Корисници на оваа под- мерка се и земјоделски сто- панства кои се корисници на подмерка 1.1. од оваа уредба кои имаат засеани и ожнеа- ни површини со пченица и јачмен и оствареното произ- водство го имаат продадено или складирано кај регис- триран откупувач, вклучи- телно и за потребите на соп- ствениот преработувачки ка- пацитет, а се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи,<br>- Корисници на оваа под- мерка се и земјоделски сто- панства кои се корисници на подмерката 1.1. од оваа уредба кои своето производ- ство од пченица и јачмен го продале на регистрирани од- гледувачи на добиток, вклу- чително и за сопствени пот- реби за исхрана на добиток регистриран со регистарски број на одгледувалиште, во регистарот на одгледувачи на животни во Агенцијата за |

| | | |
|---|---|---|
| | | храна и ветеринарство. Прифатлив број на животни на површина од 0,7 хектари: едно говедо или еден копи- тар, односно 10 овци или кози, односно 4 свињи, од- носно 100 кокошки, ми- сирки, гуски, патки или би- серки,<br>-Висината на дополнителни- те директни плаќања е усло- вена со минимални просеч- ни приноси и тоа: 3.000 кг/ха за пченица и јачмен, 1.500 кг./ха за сончоглед, 1.800 кг/ха за маслодајна репка, 300 кг/ха за афион и - Висината на дополнител- ните директни плаќања за пченица, сончоглед и мас- лодајна репка изнесува 6.000 денари по хектар, за јачмен 12.000 денари по хек- тар и за афион изнесува 18.000 денари по хектар. |

Во подмерката 1.15. во колоната „Поблиски критериуми и висина на директните плаќања“ во алинејата 2 по зборот „произведените“ се додаваат зборовите „или користени за сопствени потреби“.

Во алинејата 3 запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

Во алинејата 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка.

Алинејата 5 се брише.

Во подмерката 1.19. во колоната „Поблиски критериуми и висина на директните плаќања“ во алинејата 1 по зборот „продаден“ се додаваат зборовите „или ко- ристен за сопствени потреби“.

Во алинејата 2 по зборот „продаден“ се додаваат зборовите „или користен за сопствени потреби.“

Во ставот (3) во табелата во подмерката 2.6. во колоната „Поблиски критериуми и висина на директните плаќања“ во алинејата 1 по зборот „лимузин,“ се додаваат зборовите „а буша и други раси или мешавини од различни раси да имаат минимална тежина од 250 килограми“.

Во алинејата 2 по зборот „говедо“ се додаваат зборовите „за следните раси: сименталско, оберинталско, монтафонско, херефорд, шароле, абердин ангус, белгиско плаво и лимузин, а 3.000 денари за следните раси: буша и други раси или мешавини од различни раси“.

Член 2

Прилогот 3 се заменува со нов Прилог 3, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од де- нот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

Бр. 41-6870/3
11 јули 2023 година
Скопје

Прилог 3

Табела за минимално употребената количина на семе по хектар

| Вид | Минимална употребена количина на семе во кг/ха/број на семиња |
|---|---|
| | |
| Пченица | 150 кг/ха |
| Јачмен | 150 кг/ха |
| Пченка | 50.000 семиња или 15 кг/ха |
| Сончоглед | 35.000 семиња или 4,5 кг/ха |
| Маслодајна репка | 500.000 семиња |
| Ориз | 150 кг/ха |